До Народна банка на Република Македонија

**Б А Р А Њ Е**
**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Македонија бр. 101/19"), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

(опис на информацијата која се бара)

Како овластен носител на статистичка дејност според Закон за државната статистика („Службен весник на Република Македонија" бр. 54/1997, 21/2007, 51/2011, 104/2013 , 42/2014, 192/2015, 27/16, 83/18, 220/18, 31/20) ве молиме:

Полова структура на кредитите одобрени од домашните банки на домаќинствата, состојба на крајот на годината zа 2021, 2022 и моментална состојба за 2023 за:

1. Број на кредитокорисници
2. Број на кредитни договори
3. Состојба на кредити (во милиони денари)

Форма во која се бара информацијата:
а) електронски запис
б) по пошта
(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
а) е-маил
б) по пошта

Барател на информацијата:

[redacted]

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

Во Скопје Датум 30.11.2023 - година

РЕАКТОР

СКОПЈЕ

**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101 од 22.05.2019 година), секретарот на банката, како службено лице за посредување со информации од јавен карактер на 7 декември 2023 година донесе

## РЕШЕНИЕ

1.Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од [redacted], примено во Народната банка на Република Северна Македонија по електронски пат на 30 ноември 2023 година, СЕ ОДОБРУВА.

2. Во врска со барањето со која барателот бара информација за полова структура на кредитите одобрени од домашните банки на домаќинствата, со состојба на крајот на годината за 2021, 2022 и моментална состојба за 2023 година, за број на кредитокорисници, број на кредитни договори и состојба на кредити (во милиони денари), во прилог доставуваме табела со бараните податоци.

## Образложение

На 30 ноември 2023 година од страна на барателот [redacted] доставено е Барање за пристап до информации од јавен карактер, со кое барателот бара податоци за полова структура на кредитите одобрени од домашните банки на домаќинствата, состојба на крајот на годината за 2021, 2022 и моментална состојба за 2023 година за број на кредитокорисници, број на кредитни договори и состојба на кредити (во милиони денари).

Имајќи предвид дека бараните податоци претставуваат информација од јавен карактер со кои Народната банка располага, на барателот му се одобрува барањето и му се доставуваат бараните информации.

Согласно горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Бр. 02-40205/1
7 декември 2023 година

Секретар на банката
м-р Маја Андреевска

**Правна поука**: Незадоволниот барател има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на ова Решение до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер.

**Народна банка на Република Северна Македонија**
бул. Кузман Јосифовски Питу бр.1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Телефони: 02 3108-108 (Централа); 02 3108-549
Факс: 02 3108-357 (Централа); 02 3108-340
www.nbrm.gov.mk

**Прилог**

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 31.12.2021 | | 31.12.2022 | | 31.10.2023 | |
| | Мажи | Жени | Мажи | Жени | Мажи | Жени |
| Број на кредитни партии | 606,866 | 496,197 | 597,276 | 487,887 | 585,473 | 480,831 |
| Број на клиенти | 534,029 | 434,902 | 527,733 | 429,877 | 515,775 | 422,567 |
| Износ на кредити (во илјади денари) | 119,351,235 | 75,347,264 | 128,666,656 | 81,152,140 | 135,580,274 | 86,113,619 |
| Извор: Податоци доставени од банките во Кредитниот регистар при Народната банка | | | | | | |
| * Во презентираните податоци не се опфатени кредитите на нерезиденти-физички лица, како и кредитите на резиденти-физички лица врз основа на кредитна изложеност кон поединечно лице помала од 5.000 денари или врз основа на групи на кредити коишто банките ги класифицирале во т.н. портфолио на кредити. За овие категории кредити не е расположив податок за полот на кредитокорисниците. | | | | | | |